Врз основа на членовите 48, 49, 50, 51, 52 и 53 од Законот за административните службеници (Службен весник на РМ бр. 27/14, 199/14, 48/15, 154/15, 5/16, 142/16, 11/2018 и Службен весник на РСМ бр. 275/2019, 14/2020, 215/2021, 99/2022 и 208/24), согласно со Правилникот за систематизација на работните места во Општина Аеродром 04-8001/1 од 05.12.2024 година, в.д. градоначалникот на Општина Аеродром на 8.4.2025 година ја донесе следнава

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА АЕРОДРОМ
Бр. 04-1484/7
08 APR 2025 год.
СКОПЈЕ

# ОДЛУКА

за избор на административен службеник по објавен интерен оглас 01/2025

1. Административниот службеник Оливера Костадинова се избира на работно место – Раководител на Одделение за работи на Советот, шифа УПР 0101Б04000, ниво Б4, во Одделението за работи на Советот, Сектор за правни работи и имот и имотно правни работи – 1 извршител по интерен оглас бр.01/2025, објавен на веб-страницата на Општина Аеродром и на Агенцијата за администрација на ден 28.3.2025 година.
2. За именуваниот кандидат од точка 1 на оваа одлука по завршувањето на постапката за избор и конечноста на оваа одлука ќе се донесе Решение за унапредување на административен службеник.
3. Одлуката за избор на административен службеник по интерен оглас бр.01/2025 се доставува до кандидатите и се објавува на веб-страницата на Општина Аеродром.

Образложение

На 28.03.2025 година на веб-страницата на Општина Аеродром и на веб-страницата на Агенцијата за администрација е објавен интерен оглас бр. 01/2025 за унапредување на административни службеници во Општина Аеродром за работно место Раководител на Одделение за работи на Советот шифа УПР 0101Б04000, ниво Б4, во Одделението за работи на Советот, Сектор за правни работи и имот и имотно правни работи – 1 извршител.

Врз основа на објавениот интерен оглас, Комисијата за селекција за унапредување формирана со Решение на в.д. градоначалникот на Општина Аеродром број 04-1484/4 од 4.4.2025 година, по спроведена административна селекција и по спроведено интервју со единствениот уреден кандидат за работно место – Раководител на Одделение за работи на Советот шифа УПР 0101Б04000, ниво Б4, во Одделението за работи на Советот, Сектор за правни работи и имот и имотно правни работи – 1 извршител, состави записник со финална ранг-листа на кандидати со предлог-одлука за избор на прворангиран кандидат, заведен под број 04-1484/6 од 7.4.2025 година.

Согласно со член 51 став 6 од Законот за административни службеници, Комисијата ја достави до в.д. градоначалникот на Општина Аеродром финалната ранг-листа на кандидати со предлог-одлука.

Врз основа на горенаведеното, в.д. градоначалникот на Општина Аеродром по разгледување на приложената финална ранг-листа, одлучи како во диспозитивот на одлуката.

**Упатство за правно средство**: Против ова Решение може да се поднесе жалба преку градоначалникот до Комисијата на Агенцијата за администрација за решавање во втор степен по жалби и приговор на административни службеници во рок од 8 дена од денот на приемот и објавувањето на одлуката на веб-страницата на Општина Аеродром.

Изготвила:
Ирена Петревска
Соработник за развој и унапредување
на процесот за управување со човечки ресурси

в.д.Градоначалник
на Општина Аеродром
Дејан Митески

Република Северна Македонија-Општина Аеродром
Скопје

Доставено до:
-именуваниот
-архива
-Одделение за управување со човечки ресурси